ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ООУ „МАНЧУ МАТАК“- КРИВОГАШТАНИ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Програмата за екскурзијата е направена согласно:

- Законот за основно образование Член 42 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25).
- Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 4.08.2025 година и
- Годишната програма на ООУ„Манчу Матак “ – Кривогаштани усвоена на седницата на Советот на општина Кривогаштани, бр. 08-1078/7 од 25.08.2026 година.

1. Воспитно – образовни цели на екскурзијата:	- истражување објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот; - посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значение; - развивање интерес за природата и градење еколошки навики; - запознавање со културата и со начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата; - градење чувство за припадност кон државата, самобитност, толеранција и соживот; - запознаваіье на учениците со културата на различните етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија (преку изборот на културно-историските објекти што ќе се посетуваат) за примена на меѓуетничка интеграција во образованието; - развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припагаат на другите народи кои живеат во државата; - дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе и - развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.
2. Содржина и опис на активности	**1 ден**. Поаѓање од училишниот двор во 7 часот. Се патува со автобус со посета на Кавадарци (ХЕЦ „Тиквеш“) – појадок, „12 ваташки младинци“, Дојранско Езеро – панорамско разгледување - ручек. Се продолжува со посета на водопадите во с. Колешино. Посета на Струмица, прошетка, сместување во хотел. Вечера. Организирана забава, маскенбал. Ноќевање во Струмица. **2 ден.** Појадок во хотелот, а потоа поаѓање за Водоча – посета на манастирот Св. „Леонтиј“ и манастирот „Успение на Пресвета Богородица - Елеуса“. Се тргнува кон Пробиштип со посета на манастирот Св. Гаврил Лесновски – с. Лесново; Ручек. Тргнување кон Скопје. Посета на црквата „св. Спас“ (почивалиште на Гоце Делчев), посета на спомен - куќа на Мајка Тереза. Сместување во хотел. Вечера и забава **3 ден**. Појадок во хотелот во Скопје. Посета на кањон Матка, посета на меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија, посета на музејот на македонската борба, посета на старата скопска чаршија. Ручек. Слободна прошетка низ градот. Поаѓање за Кривогаштани.
3. Одговорен наставник, други вклучени наставници	Татјана Петреска – одделенски раководител на IXа Јован Цветкоски – одделенски раководител на IXб
4. Ученици вклучени во екскурзијата	Учениците од IX одделение (31 ученик).
5. Времетрање на екскурзијата	Екскурзијата ќе се реализира во текот на три дена, месец октомври, 2026 или месец април, 2027 година.
6. Следење на реализацијата	Директорот на училиштето, Стручниот тим. По изведувањето на екскурзијата ќе се изврши анализа и ќе се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници согласно Правилникот за начинот на изведување екскурзии и другите

	слободни активности на учениците во основните училишта.
7. Локации на посета и разгледување	ХЕЦ „Тиквеш“, „12 ваташки младинци“, Дојранско езеро, Колешински водопади, манастир св. Леонтиј - Водоча, манастир „Успение на Пресвета Богородица - Елеуса“, манастир св. Гаврил Лесновски - Лесново, црква св. Спас - Скопје (почивалиште на Гоце Делчев),спомен - куќа на Мајка Тереза, кањон Матка,меморијален центар на Холокаустот на Евреите од Македонија, музеј на македонската борба.
8. Правци на патување	Кривогаштани - Прилеп, Кавадарци, ХЕЦ Тиквеш, Ваташа, Дојран, Колешино, Струмица, Водоча, Пробиштип, Скопје, Кривогаштани.
9. Техничка организација	Критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите, излетите или други вонучилишни активности на учениците од основните училишта е најниската цена. Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот се: - да е регистриран во согласност со позитивните прописи во Република Северна Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност. - да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта. - да има успешно реализирана сопствена аражманска програма во Република Северна Македонија. - да ги исполнува условите за превоз на групи деца, во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца. Дополнителни критериуми се: - хотели (колку ѕвезди и дали сместување во еден или повеќе доколку се работи за поголема група) и пред резервации, - мени за исхрана, - платени влезници за посета на културно историски знаменитости, - вид на високо туристички автобуси, - плаќање на рати (или до пред поаѓање), - ангажирање на лекар, - социјални случаи (за колку ученици ќе се обезбеди ослободување од надомест), - туристички придружници/водич.
10. Начин на финансирање	Финансиските средства ги обезбедуваат родителите/ старателите на учениците.

Забелешка:	Програмата може да претрпи некои корекции доколку за тоа има потреба и да биде во функција за успешно изведување на екскурзијата. Секоја измена од техничка природа на агенцијата се прифаќа, но да биде во согласност со барањата на програмата и согласно Правилникот за начинот за изведување екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците во основните училишта. Постапката за изведување на екскурзијата ја спроведува Комисијата формирана од страна на Училишниот одбор согласно Правилникот.
КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСКУРЗИИТЕ, ИЗЛЕТИТЕ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ	ОПШТИ ОДРЕДБИ Член 1 Со овој Кодекс се уредуваат основните етички начела, правила и стандарди на однесување на учениците за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани. Член 2 Целта на овој кодекс е да се спроведат успешни и безбедни екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ Член 3 Секој ученик за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности е должен да ги почитува законите на Република Северна Македонија. Член 4 Секој ученик за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности достојно го претставува своето училиште и местото во кое живее. Член 5 На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува консумирање на алкохол и други недозволени супстанци. Член 6 На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува да го нарушува јавниот ред и мир на местата кои се посетуваат. Член 7 На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности најстрого му се забранува насилно да се однесува кон своите другарчиња, возрасните учесници на екскурзијата, како и кон други личности кои ги среќава на местата на посетите. Член 8 На ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни

	активности најстрого му се забранува самостојно или во група да се оддалечува од главната група. Член 9 Секој родител/старател на ученик кој учествува во екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности врз основа на овој Кодекс е должен да потпише изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности нивното дете ќе ги почитува одредбите од Кодексот. Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководтел/раководителот на паралелката најдоцна 3 дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности. Член 10 На ученикот кој за време на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка. Член 11 Родителите/старателите на учениците кои учествуваат во екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на одделенскиот раководтел/раководителот на паралелката треба да му достават податоци за здравствената состојба на нивното дете кои за истото го известуваат лекарот пред поаѓањето. Податоците за здравствената состојба се чуваат во тајност. Член 12 Одредбите од овој Кодекс ги разгледува и одобрува Училишниот одбор на училиштето. Откако ќе се одобрат истите стануваат дел и од Куќниот ред – Правилата на однесувње во училиштето.

Раководител на екскурзија

_____

Јован Цветкоски

в.д. Директор

_____

Лилјана Стојкоска

Кривогаштани
Септември, 2026 година